дозвола на ЦК КПЈ, во Москва, Оттогаш започнува вториот дел од нејзиниот макотрпен, овојпат целосно емигрантски живот во СССР. Таму дознала дека нејзиниот татко, Стефан Попиванов се нашол во рацете на НКВД. Сепак, и покрај неприликите, во почетокот Малина се вброила меѓу предавачите на југословенскиот сектор на КУНМЗ (1929—32). Во меѓувреме се омажила за Владимир Николаевич Сакун. Подоцна паднала во немилост, па се нашла во Собир. Во 1937 година била исклучена од Советската Комунистичка партија, а времето помеѓу 1937—39 г. го провела в затвор. Всушност се вброила во страдалниците на Сталиновите чистки. Од 1939 година па сè до смртта била предавач по историја во неколку средни училишта во Тјумен.

И покрај неизмерната желба не успеала да се врати во татковината и да се сретне со најблиските. Подоцна, во 60-те години во СССР Малина и Стефан Попиванов биле рехабилитирани.

Меѓутоа, горчливиот вкус на вториот дел од нејзиниот животен пат ни најмалку не може да ја засенчи кристално чистата личност на Малина Попиванова, а посебно, нејзиниот виден придонес за развојот на југословенското работничко и комунистичко движење (1920—1929 г.)

Авторите на монографијата, Кузман Георгиевски и Саша Маркус, мошне пластично го презентираат ликот на македонската револуционерка Малина Попиванова, збогатувајќи ги на тој начин сознанијата за нашето недамнешно минато. Оттаму ваквите вредни монографски дела секогаш се добредојдени во нашата јавност.

Димитар ДИМЕСКИ

## Павле МИТРЕСКИ, **СТУДЕНТСКАТА КОЛОНИЈА ВО ОХРИД (1938—1940)**, НИО „Студентски збор", Скопје, 1985, 230

Монографијата „Студентската колонија во Охрид (1938—40 г.)" што се појави во издание на НИО „Студентски збор", ги збогатува нашите сознанија за овој дел од животот и активоста на прогресивната македонска студентска младина на Белградскиот универзитет во последните години од егзистирањето на Кралството Југославија.

Книгата е базирана на необјавена архивска граѓа, необјавени и публикувани меморски материјали, периодика и литература. Содржи предговор, четири глави, резиме, библиографија, како и регистер на лични и географски имиња и поими. Последната, четврта глава всушност ги содржи следните прилози: факсимили на документи, како и мошне богата фотодокументација. Карактеристична слабост на оваа книга се бројните коректорски грешки.

Авторот во првото поглавје најпрво се осврнува на политичките прилики во Кралството Југославија во предвечерјето на Втората светска војна, се задржува на ак-

тивноста на македонските студенти во општото студентско движење на Белградскиот универзитет, а потоа ги презентира приликите во Охридско—струшкиот регион.

Втората глава е посветена на формирањето и организацијата на студентската колонија во Охрид. Околу формирањето на колонијата главна улога одиграла Обединетата студентска младина, а посебно Покраинскиот одбор на македонските студенти, чии главни „носители биле: Кузман Јосифовски, Страшо Пинџур и подоцна Мирче Ацев" (стр. 40). Формален предлагач бил Студентскиот летовалишен сојуз. Меѓутоа, зад сето тоа стоеле КПЈ и СКОЈ.

Во улога на емисар во Охрид се јавил Александар Христов, студент по право, тогашен секретар на Студентскиот летовалишен сојуз. Авторот со доста подробности ги опишува организирањето и дејствувањето на колонијата во Охрид.

Во 1938 година раководството на Охридската студентска колонија го сочинувале: Александар Христов, шеф на колонијата; Анте Антиќ, Лазо Стефаноски и Кузман Јосифоски. Во 1939 година шеф на колонијата станал Анте Антиќ, а членови на раководството биле Стефан Лакаи, Страшо Пинџур и Кузман Јосифовски. Во последната, 1940 година шеф на колонијата станал Бранко Поповиќ, а во раководството влегле Ристо Џунов, Мирче Ацев и Анастас Георгиевски—Тасо. Животот во колонијата го овековечил фотографот Благој Дрнков.

„Во 1938 година летувале 41 студент, и тоа еден месец, од 7 јули до 7 август. Во 1939 година летувале 52 студенти и тоа година летувале 52 студенти и тоа од 6 јули до 5 август, а во 1940 година летувале 65 студенти и тоа од 4 јули до 3 август" (стр. 65). Притоа македонските студенти зборувале на својот мајчин јазик. Авторот ги изнесува имињата на 14ѓ учесници на колонијата, меѓу кои биле: Мирче Ацев, Дејан Алексиќ, Нада Богданова, Петре Богданов—Кочко, Диме Бојановски—Дизе, Ксенте Богоев, Киро Глигоров, Кузман Јосифовски, Борко Лазески, Лилјана Манева, Деса Миљовска, Веселинка Малинска, Илија Милчин, Тодорка Оровчанец, Страшо Пинџур, Трифун Пановски, Крум Стојанов, Ѓорѓи Филиповски, Славка Фиданова, Александар Христов—Цанко, Јован Цекиќ, Коле Чашуле, Илија Џувалековски и Ристо Џунов. Авторот истакнува дека не случајно во „колонијата се наоѓале членови на КПЈ и СКОЈ, како и симпатизери на напредното студентско движење, кои биле идејни организатори и раководители на целокупниот живот на колонијата во Охрид" (стр. 65).

Главниот акцент авторот го ставил на третата глава, која е посветена на културно-просветната и политичка активност на Охридската студентска колонија. Притоа, мошне рељефно го прикажува одбележувањето на годишнините од Француската буржоаска револуција, посебно на онаа во 1939 година, кога се славела нејзината 150 годишнина. Авторот го акцентира мошне снажниот одек што го имала студијата на Страхил Гигов „Француската револуција и нашите традиции" публикувана во „Наша реч". Ната-

му, авторот ја проследува политичката дејност на студентите сред охридската и струшката младина, а потоа мошне успешно го рекогносцира политичкиот живот во самата колонија. Посебно се задржува на формирањето на партиската организација во Охрид од страна на Мирче Ацев. П. Митрески успешно го проследува одбележувањето на Илинден во 1939 и 1940 година, а посебно илинденските демонстрации во 1940 година. Се задржува на затворањето на четворицата студенти, меѓу кои бил и Мирче Ацев, потоа ја потенцира студентската солидарност, а на крајот пишува за протерувањето на студентите од Охрид.

Охридската студентска колонија всушност претставувала летна политичка школа, во која низ разни културно-забавни и политички активности се манифестирала комунистичката идеологија ,се негувало братството и единството и револуционерните традиции на македонскиот народ, и тоа во предвечерјето на НОБ и социјалистичката револуција. Бројни учесници на Охридската студентска колонија ќе го дадат својот непроценлив придонес за победата на Револуцијата, и потоа, за просперитетот на социјалистичка Југославија.

Оттаму, ова дело од д-р П. Митрески отвора нови видици за дејноста на прогресивното југословенско студентско движење во периодот меѓу двете светски војни.

Димитар ДИМЕСКИ